**Subject:** RE: Покана - документи - водилки за поголема Транспарентност - ЦУП
**From:** Vesna Bochvarska <vesna.bochvarska@cup.org.mk>
**Date:** Thu, 10/31/2024 01:58 PM
**To:** "contact@kiselavoda.gov.mk" contact@kiselavoda.gov.mk

5 attachments
1_Barometar na web transparentno...3.1 MB
2.1. Barometar za web transparen...4.1 MB
4.1. Leaflet_Sto sakaat da znaat...2.1 MB
5.1. Standardi za e-transparentn...1 MB

Почитувана Тања,

Ви благодарам од мое име и името на ЦУП за поканата за учество на денешниот работен состанок со ГО. Сметам дека имаше одлични сугестии од страна на граѓанскиот сектор кои би можеле да ги земете во предвид, со цел зголемување на транспарентноста, отчетноста и дигитализација на услугите на вашата општина. Мене ми беше задоволство да ги споделам нашите анализи и истражувања со вас, и како што се договоривме дополнително ги испраќам и до вас како материјал од кој може да се послужите.

Во рамките на нашиот проект "**Граѓанинот на прво место**" – финансиран од Делегација на ЕУ, ги изработивме документите во прилог кои мислам дека се многу релевантни и корисни за ЕЛС, особено Листата на индикатори (Прилог 2) – од
1. **Барометар на веб транспарентност** кои може да ги следите како водилка во однос на она што се уште не сте го објавиле, а би требало бидејќи тоа се податоци кои, покрај тие што општините имаат законска обврска да ги објавуваат има и предлози – што граѓаните би сакале да видат на веб страниците на своите општини, а и информации кои општините ги поседуваат во регистри и бази на податоци и се од отворен карактер па може слободно да се објават и да се достапни на јавноста. Проектот ги спроведувавме 2016 – 2028 но мерењата се правени 2016, 2018, 2020 и веројатно следното би било 2025 со цел да оставиме поголем простор да има навистина подобрување од страна на општините кои ќе може да го споделиме.

4.1. Лифлетот – **Што сакаат да знаат граѓаните од локалните власти** – го подготвивме врз основа на теренско истражување на над 1300 испитаници во 8 поголеми урбани општини кои ги покриваат и 8те плански региони а дополнително организиравме и фокус групи за да ги прашаме граѓаните што им е важно да следат на страниците на општините и ова е она што искочи како најбитно за нив систематизирано по конкретни области.

6.1. Документот **Насоки за отворени податоци** – го направивме со цел да им олесниме на општините за тоа што се отворени податоци, кои податоци можат да се отворат и како да се отворат , со конкретни податочни сетови и временска рамка кога би требало да се ажурираат.
Бидејќи истражувањата ни покажаа дека многу малку се грижат општините да објавуваат во отворен формат податоци , а сепак се важни и од аспект на економски потенцијал затоа што истите може понатаму да се реискористуваат од страна на граѓаните, новинарите, бизнисите и сл.

Воедно испраќам и линк до нашата страница каде на едно место може да најдете повеќе инфо за нашиот проект и резултатите од истиот.

https://cup.org.mk/proekti/putting-people-first

Сигурна сум дека ќе ви бидат од корист и ќе ве насочат како да ја зголемите вашата транспарентност и отчетност кон граѓаните, бидејќи тоа се и вашите заложби кои ги слушнавме денес и од вас и од вашиот Градоначалник.

Остануваме на располагање за се што ви треба дополнително од нас како поддршка.
Благодарност уште еднаш до општината и градоначалникот за средбата.
Секое добро,
Весна

**Весна Бочварска Цветковска | Vesna Bochvarska Cvetkovska**
Финансиска директорка | Financial Director
Центар за управување со промени | Center for Change Management | **cup.org.mk**

**T:** +389 2 6092 216
**M:** +389 77 97 22 22
**E:** vesna.bochvarska@cup.org.mk
**A:** Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 34а | Str. Mitropolit Teodosij Gologanov Num. 34a, 1000,